*Македонка РАДУЛОВИЌ* **УДК: 37.017:316.356.2**

# ПОТРЕБА ОД ОБРАЗОВАНОСТ ЗА СЕМЕЈНО ЖИВЕЕЊЕ


***Кратка содржина***

*Сигурно е дека ќе биде потврден одговорот на прашањето дали има основа, односно потреба од образование и од образованост на членовите на семејството за нивното семејно живеење. Овој труд ќе ги обработува содржината, целите, формите, перспективите и можните резултати од образованоста за живеење во семејство и во дневниот тек на тоа живеење и во подолгорочно траење.*

*Ќе се елаборираат можните процеси во образованието за сфаќањата, ставовите, однесувањето и вредностите на семејното живеење, потоа целите што се очекуваат и што би се постигнале со тие образовни зафати, вредностите врз кои ќе се потпира тоа образование, како и формите и медиумите за реализација на ширењето на знаењата и идеите за семејниот живот.*

*Појдовна основа ќе биде дека секоја генерација во семејството пренесува сознанија, ставови и принципи за семејното живеење на наредната генерација, но акцентот ќе биде ставен на природата и карактерот на тоа образование во услови на општи промени во опкружувањето на семејството и промените, предизвиците, дилемите во животот на самото семејство.*

*Трудот ќе вклучува и најнепосредни предлози за придонес во образованоста за квалитетно, долгорочно и среќно семејно живеење.*


***Клучни зборови:*** *СЕМЕЈСТВО, СЕМЕЈНО ЖИВЕЕЊЕ, ОБРАЗОВАНИЕ, ВРЕДНОСТИ, ЦЕЛИ НА ОБРАЗОВАНИЕ, ФОРМИ И МЕДИУМИ НА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СЕМЕЈНО ЖИВЕЕЊЕ*

## Вовед

Самото припаѓање на семејството нуди сознанија, искуства и насоки за тоа како да се однесуваат членовите на семејството во нивните меѓусебни комуникации, активности, други релации со цел семејството да функционира нормално (или одлично) и да ги исполнува своите функции најчесто дефинирани како: репродуктивна функција – обезбедување на продолжување на човечкиот род; емотивна функција и задоволување на половиот инстикт; економска функција – обезбедување материјална егзистенција на семејството; заштитна функција – издржување, наследување, помош и поддршка; воспитно-образовна функција – подучување на децата за вклучување во општеството; и функцијата на социјализација – поврзување на поединецот со поширокате општествена заедница (Чокревски, 1996, с. 34). Тоа е познатото пренесување на знаењата од генерација на генерација, че-

сто мошне делотворно, но и недоволно со оглед на фактот дека и семејството (како и другите општествени појави) доживува трансформации, е подложно на силни влијанија од промените што се случуваат во сферата на економијата, технологијата, вредносниот систем, културата, медиумите и слично.

И општите согледувања и истражувачките резултати покажуваат дека тоа пренесувано знаење од генерација на генерација не е доволно за членовите на семејството да можат да ги преземат и успешно да ги извршуваат улогите и одговорностите во семејното живеење. Знаењето за човековиот развој и за семејниот живот не е вродено, што наведува на потребата/основаноста и неопходноста од негово совладување – учење, прифаќање, примена, почитување, унапредување, па и усовршување.

Во општествата кои се динамични, какви што се практично сите општества на современото и модерното време, на семејствата им е неопходна системска, концепциска и плодотворна помош од образовни активности за семејното живеење. Таква помош може да осмислат, планираат, реализираат и контролираат стручни и научни установи или за тоа оспособени поединци.

**Тематски целини за образование за семејно живеење**

Сигурно е дека прегледот на теми/содржини за целосно запознавање на семејството како основна клетка на општеството и на неговата репродукција е премногу широк. Но, и пописот на теми најнепосредно поврзани за стекнување знаења за семејното живеење, како суштински дел на егзистирањето и исполнувањето на функциите на семејството, не е и не може да биде мал.

Така, нужно е да се елаборираат економските аспекти на семејното живеење (приходи, трошоци, извори, планови, надлежности, одговорности). Потоа, правните димензии на семејниот живот (обврски и права на родителите, обврски и права на децата, наследување, должности во меѓусебните односи регулирани со правни акти или други норми). Неопходни се знаења за улогите во семејството (родители, деца, постари лица), потоа за сродничките врски и односи (поблиски и подалечни роднини – стрико, стрина, вујко, вујна, тетка, тетин, братучеди, кумови...). Од голема важност се и знаењата за квалитетно комуницирање во семејството, за изградбата на односи на љубов, толеранција, разбирање, помош, поддршка, како и знаења за развој на семејството, за спречување недоразбирања, за одржување на семејното здравје, за неприфатливоста на неверство, инцести, нанесување зло, исмевање и слично.

Важно е во едукацијата за семејно живеење членовите да го прифатат тврдењето дека сите луѓе можат да грешат, дека сите имаат и доблести и мани, наместо да се гради слика за себе како за возвишено и семоќно суштество. Оттаму се вели дека е прифатливо да се биде најдобар колку што се може, а не да се верува дека е најдобар на светот. Се препорачува рационален, логичен и прагматичен контакт со реалноста, со другите луѓе и со самите себеси.

На многу луѓе им е тешко да се помират со тоа дека не се совршени, дека не постигнуваат преголеми успеси, а низ семејното образование треба да сфатат

дека е корисно да се работи тоа што ни оди од рака, тоа што може и што ќе нè прави задоволни и среќни.

**Кои се целите на образованоста за семејно живеење**

– Сите членови на семејството да стекнат знаење за неопходноста од организирано, спокојно, среќно и безбедно живеење во семејството.

– Да ги осознаат вистинските значења на основните и проширените поими и принципи важни за живот во семејна заедница.

– Да се оспособат за воспоставување, одржување, примена и заштита на здрави и одговорни односи во семејството, за течење и развој на конструктивен личен и семеен живот, за збогатување на семејното живеење и за унапредување на неговиот квалитет.

– Да се идентификуваат проблемите во семејството, да се спречуваат и да се решаваат.

– Да се овозможат развојот, желбите, стремежите, потребите и целите на поединците во семејството.

– Да се научат и поединечно членовите на семејството и целото семејство за внатрешните односи и односите во опкружувањето за еден цел животен циклус.

– Да се постигне разбирање за себеси и за другите во семејството.

– Да се унапредува физичкото и менталното здравје.

– Да се демократизира семејното живеење.

– Да се подобрува семејниот стандард.

– Да се постигне и да се одржува и личната и семејната благосостојба.

Се разбира, сите членови на семејството на определен начин треба да бидат вклучени во образованието за семејно живеење. И со попрактични знаења, но и со проширени (како што би било сознанието за повеќе видови) модели на семеен живот, и во минатото и во сегашноста.

Определени теми имаат и соодветно време кога треба да се присутни. Така, во даден период како теми би се наметнале: стапување во брак, практикување сексуално однесување, избор на професија. Приспособување е нужно и за актуелни потреби и за идни потреби, за статички односи, но и за промени.

Потребно е да се елаборира и прашањето врз кои вредности (Tanovic 1972, s.16) ќе се потпира и ќе се реализира процесот на образование за семејно живеење.

Пред сè, тоа би биле моралните вредности, сознанија, свест и совест на секој поединец за сопственото однесување и карактер („карактер во смисла на нашето однесување што го имаме додека сме сами“), да се знае кои однесувања и практики се добри или лоши, кои се исправни или погрешни, кои се полезни или штетни за животот на другите луѓе и конкретно за другите членови на семејството.

Високо во вредносниот систем треба да стојат почитувањето на индивидуалноста, рамноправноста, слободата на поединецот, личниот интегритет, толеранцијата на различности, еднаквоста, почитувањето на другите („не им прави на другите она што не сакаш да ти го прават тебе“), општествената одговорност.

Културните вредности имаат важно место во конципирањето и реализирањето на образованието за семејно живеење. Така, како битна културна вредност е усвојување на јазикот за комуникација, преку кој, пак, ќе се стекнуваат и другите вредности и обрасци на однесување, како што се одржување и развој на семејството, елиминација на експлоатација и омаловажување, отстранување дискриминација, почитување автономија, усогласување и посветеност на семејството и одржување на личниот интегритет. Детето расте во личност во сложениот контекст на културата и општествениот живот. Најпрво го запознава семејството и гледа на светот кој му е непознат преку очите на неговите родители и неговите браќа и сестри. Како ќе изгледа сликата за светот зависи од тоа како членовите на семејството го перципираат, каква претстава му даваат, дали се вклучени во неговото функционирање и дали го прифаќаат или го отфрлаат. Од овие сфаќања зависи како детето ќе се прифати себе, другите и како ќе функционира во заедницата (Golubovič 1981). Целиот овој процес е карактеристичен за раното детство и повторно се појавува за време на адолесценцијата кога поединецот поминува низ процесот на морално и когнитивно созревање и обликување на структурата на сопствената личност и мора да биде дел од семејното образование.

Религиските вредности се неодминливи во стекнувањето знаења за семејниот живот. Религиите, како што е познато, имаат и сличности и разлики. Важно е да се вреднува фактот дека религиските системи имаат големо дејство врз текот и квалитетот на семејното живеење (и за семејствата во кои сите членови се припадници на една религија и за семејствата во кои има атеисти и припадници на различни религиски системи). Религијата силно влијае на организацијата на семејниот живот кај религиозните семејства (семејни обреди, посета на црква, слободно време), на стилот на живеење, исхрана, начин на облекување, на системот на вредности, начинот на воспитување, контрола на однесувањето и слично (Kuburič 2008).

Вредноста означена како неприкосновеност на физичкиот и моралниот интегритет на човекот спаѓа во темелните одредници за дефинирање на содржината на образованоста за семејно живеење.

**Низ какви форми да се реализира образованието на семејно живеење?**

Веќе со постоењето на моделот од генерација на генерација е воспоставена една форма на долгорочно, спонтано, применливо и релативно ефикасно и ефективно учење и стекнување знаење за семејното живеење.

Сепак, современите услови и нудат и наложуваат нови и квалитетни форми за ваквото образование, диктирани најмногу од бурните промени во општеството, кои, пак, на најнепосреден или посреден начин влијаат врз семејното живеење и врз сфаќањето на семејното живеење, па и воопшто врз (не)вреднувањето на институцијата семејство и нејзините функции.

На пример, еден начин е осознавање на семејното живеење во Република Турција врз основа на стручни и научни сознанија (семејните односи, вредности, улоги, развојни гледања, почит и недоверба, толеранција и конфликти), друг начин е да се добиваат информации и да се гради мислење и став врз основа на насликаните семејства во телевизиските серијали снимени во Република Турција, на турски јазик и кои се однесуваат на случувања, односи и процеси во турски поранешни, современи и модерни семејства.

Сите можни форми на образование за семејството кои се организирани, осмислени, реализирани и контролирани од страна на државата, цивилниот сектор, самите семејства или на други начини мора да бидат засновани на проверени научни знаења, применливи предлози и размислувања, функционални од аспект на полезноста со нивна примена и доградување да се јакне семејството, да се развива и членовите на семејството да стануваа потолерантни, покреативни и да совладуваат вештини кои директно или индиректно придонесуваат за благосостојба на семејството (при што се мисли и на економската обезбеденост и услови за развој, но и уште понагласено за хармоничен и среќен семеен живот).

Применливи се чекори во издаваштвото (брошури, плакати, студии, прирачници, летоци, книги), потоа електронски облици на организирани сознанија, совети, препораки (радио и телевизиски емисии, интернет-производи, поединечни творби и слично)... Сознанијата можат да се елаборираат, да се учат и да се совладуваат низ различни форми на образование (предавања, советувања, работилници, експериментални ситуации, истражувачки проекти).

Нивото на стручност и научност може да се приспособува според структурата на публиката, условите на реализација, поставените цели, избраните тематски целини и слично и да се движи од вообичаени облици за обука и образование на деца од предучилишна возраст, преку семинари со среден степен на обем и структура на содржината до универзитетски академски студии и научно втемелени и фундаментални и применливи истражувања посветени на образованието за семејно живеење.

Речиси е неспорно дека образованието за семејното живеење треба да биде интердисциплинарно, односно да користи поими, принципи и резултат од повеќе научни дисциплини – биологија, економија, право, антропологија, медицина, филозофија, психологија, социологија, социјална работа, педагогија и, бездруго, од семејни студии на факултетско ниво.

Од историски агол гледано, вредни за одбележување се неколку настани поврзани за образованието за семејното живеење. Така, во 1840 година се појавува книгата „Расправа за семејната економика“ од авторката Кетрин Бичер, а две години подоцна и „Книга на домашни рецепти“, што се сметаат за почеток на семејната едукација.

Во Масачусетс, во 1872 година е донесен законски акт кој го поддржува проучувањето на семејството во државниот образовен систем.

Во Соединетите Американски Држави, во 1895 година и на државни и на приватни колеџи се нуди предавање за семејната економика, по што следуваат и

социолошки истражувања за белезите на семејството, за еманципацијата на односите во него. Од овој период често се издвојуваат две носечки идеи: првата, дека подобрувањето на квалитетот на животот зависи од ефикасното управување на семејството и, втората, дека постои поврзаност на проблемите во семејниот живот со проблемите во општеството.

Средината на 20 век и децениите потоа во целиот свет донесуваат сознанија, најчесто засновани на резултати од емпириски истражувања на вонбрачни заедници, за јакнењето на улогата на жената во семејната економика, за потребата од задолжителна семејна едукација во решавањето на проблемите во семејството. (Маршал 2005, с. 467).

Во рамките на пошироките програми за поддршка на семејството и децата во Европската Унија, свој дел има и образованието за животот во семејната заедница, кој е посветен, главно, на обезбедување рамнотежа меѓу професионалниот и семејниот живот, поточно како да се направи баланс. (Радуловиќ, 2014).

Со Уставот на Република Македонија од 1991 година, во членовите 40 и 42, можат да се најдат елементи од надлежност на државата со кои се претпоставува образование за семејно живеење и во одредбите дека „Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството“, односно во став 2 во кој се вели: „Родителите имаат право и должност да се грижат за издржување и воспитување на децата. Децата се должни да се грижат за старите и изнемоштени родители“.

Од Законот за семејството, дејство врз образованието за семејно живеење имаат одредбите дека „односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца“ (член 3), како и во став 2 од член 4 во кој се наведува дека „Републиката обезбедува заштита на бракот и семејството од нарушени односи и насилство во бракот и семејството“.

Битно е да се применува и член 5, кој гласи: „Републиката создава и обезбедува научни, економски и социјални услови за планирање на семејството и за слободно и одговорно родителство“.

Во член 46 од Законот за семејство се утврдува дека „родителите имаат право и должност да ги издржуваат своите малолетни деца, да се грижат за нивниот живот и за нивното здравје, да ги подготват за самостоен живот и работа, да се грижат за нивното воспитување, школување и стручно оспособување“.

Во Република Македонија како популарни прилози за образование за семејството можат да се издвојат серии емисии на Македонското радио (порано Радио Скопје) под наслов „Радиоучилиште“, потоа долгогодишната емисија на програмата на Македонската телевизија „Семејна палета“, а од печатените медиуми „Просветена жена“, „Просветен работник“ „Брак и семејство“.

Придонес во ваквото образование од државните институции имаат Центарот за социјална работа и брачните советувалишта.

Во научната мисла и истражувачката практика се значајни студиите по социологија, психологија, педагогија на Филозофскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и изучувањето на семејното и наследно

право на соодветните факултети за правни науки. Вредни студии и истражувања се реализирани во рамките на работата на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.

Несомнено дека активен придонес и непосреден поттик за образованието за семејно живеење даваат и се очекува да нудат семејните студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Заклучок**

Потврден е одговорот на прашањето дали има основа, односно потреба од образование и од образованост на членовите на семејството за нивното семејно живеење.

Општите согледувања и истражувачките резултати покажуваат дека пренесуваното знаење од генерација на генерација не е доволно за членовите на семејството да можат да ги преземат и успешно да ги извршуваат улогите и одговорностите во семејното живеење.

Во процесот на образование за семејното живеење е нужно да се елаборираат економските аспекти на семејното живеење, правните димензии на семејниот живот, како и знаења за улогите во семејството. Од голема важност се и знаењата за квалитетно комуницирање во семејството, за изградбата на односи на љубов, толеранција, разбирање, помош, поддршка, како и знаења за развој на семејството, за спречување недоразбирања, за одржување на семејното здравје, за неприфатливоста на неверство, инцести, нанесување зло, исмевање и слично.

Сите членови на семејството на определен начин треба да бидат вклучени во образованието за семејно живеење. И со попрактични знаења, но и со проширени (како што би било сознанието за повеќе видови) модели на семеен живот, и во минатото и во сегашноста.

Нивото на стручност и научност може да се приспособува според структурата на публиката, условите на реализација, поставените цели, избраните тематски целини и слично и да се движи од вообичаени облици за обука и образование на деца од предучилишна возраст, преку семинари со среден степен на обем и структура на содржината до универзитетски академски студии и научно втемелени и фундаментални и применливи истражувања посветени на образованието за семејно живеење.

**Литература**

Андревски, Ж. 2012, *Животот е преубав – култура на секојдневното живеење и однесување*, издавач авторот, Скопје.

Golubovič, Z. 1981, *Porodica kao ljudska zaednica, alternative autoritarnom shvatanju porodice kao sistema prilagođenog ponašanja*, Naprjed, Zagreb.

Kuburič, Z. 2008, *Religija, porodica i mladi*, Čigoja štampa, Beograd.

*Закон за семејството (пречистен текст),* „Сл. весник на Р. Македонија", бр. 153, 20.10.2014 година.

Маршал, Г. 2004, *Оксфордски речник по социологија*, Книгоиздателство Ми-ан, Скопје.

Радуловиќ, М. 2014, *Традицијата во европските и македонските семејства,* Култура, Скопје.

Tanovic, A 1972, *Vrijednost I vrijednovanje – prilog prouchavanju aksiologije*, Svijetlost, Sarajevo.

Устав на РМ, „Сл. весник на Р. Македонија", бр. 52, 22.11.1991 година.

Чокревски, Т. 1996, *Социологија*, Студентски збор, Скопје, 1996.

*Makedonka RADULOVICH*

## THE NEED OF FAMILY LIFE EDUCATION IN MACEDONIA: A DEBATE

***Summary***

*The answer to the question whether there are grounds or needs for family life education in Macedonia is positive. General perceptions show that knowledge transfer "from generation to generation" is insufficient for family members to take over and successfully play the roles and responsibilities of family life.*

*All members of the family should, in a certain way be involved in family life education, thus contributing to the well-being and development of families.*

*The level of competence and knowledge might be adjusted to the audience structure, the conditions, group-targets, and chosen theme entirety, and might vary from typical types of training and education of pre-school children, through seminars with basic and medium level content size and structure, up to university academic studies and scientifically grounded and applicable research, dedicated to family life education.*

***Keywords**: FAMILY, FAMILY LIFE, EDUCATION, VALUES, GOALS OF EDUCATION, FORMS AND MEDIA EDUCATION FOR FAMILY LIVING.*